**ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

**СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ ЗА СТУДИСКА ПРОГРАМА**

**АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН – ПРВ ЦИКЛУС**

| Тип на Дескриптор | Кв. Циклус | ПРЕДЛОГ |
|---|---|---|
| ЗНАЕЊЕ И РАЗБИРАЊЕ | ПРВ ЦИКЛУС | Ги познава компонентите за дејствување во просторот.<br>Знае да ги подели проблемите на функционални, конструктивни и обликовни и да одлучува за одредени фази од нивниот дизајн.<br>Ги разбира основните методи за дефинирање на проектна програма. Разбирањето на потребите на идните корисници го проектира врз конечниот производ (дизајн) со што нуди производ на пазарот со вредност. |
| ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊЕТО И РАЗБИРАЊЕТО | ПРВ ЦИКЛУС | Стекнатите знаења и разбирањето на стручните проблеми може да ги примени во подготвување на идејни решенија и проекти, подеднакво врз основа на функционалните врски и решенија, како и врз основа на одредувањето на основните конструктивни карактеристики како и применети материјали |
| СПОСОБНОСТ ЗА ПРОЦЕНКА | ПРВ ЦИКЛУС | Способен е да врши визуелна, проектна и аналичка проценка и оценка на сите фактори кои ја одредуваат областа на неговото делување (архитектура и дизајн).<br>Низ совладан процес на евалуација, може да ги проценува условите за примена на одредени осознаени модели и постапки и да ги процени можностите за тимска работа како услов за пазарно оправдана стручна работа. |
| КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ | ПРВ ЦИКЛУС | Има способности за комуникација (деловна, стручна, индивидуална) преку практикување на стекнати вештини за презентирање, ефективна комуникација во тимови и преговарање, комуникација во мултикултурна средина и комуникација на најмалку еден странски јазик.<br>Има способност да застапува стручни и професионални ставови, да воспоставува рамнотежа помеѓу нив и да преговара на правно издржан, етички и општествено одговорен начин. |

| | | |
|---|---|---|
| **ВЕШТИНИ НА УЧЕЊЕ** | **ПРВ ЦИКЛУС** | Знае да идентификува неопходно (дополнително) познавање на одредени фази во проектниот - дизајнерскиот процес и има вештини за брзо учење и совладување на комплементарни знаења поттикнати од реални потреби на практична работа или од истражувачки процес или постапка. |